**ИЗРАБОТУВА:**
**ЈП КОМУНАЛЕЦ БИТОЛА**

**РАЗГЛЕДУВА:**
**НАДЗОРЕН И УПРАВЕН ОДБОР**

**УСВОЈУВА:**
**СОВЕТ НА ОПШТИНА БИТОЛА**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЈП КОМУНАЛЕЦ БИТОЛА ЗА 2023 ГОДИНА



**БИТОЛА, МАРТ 2024 ГОДИНА**

## ПРАВЕН СТАТУС И ДЕЈНОСТ

Секоја постоечка организација, институција, компанија основана од човекот се базира на човечки ресурси, на состав на луѓе со разновидни функции и делувања. Секој од нив е движечки фактор за работата и токму таа поврзаност и меѓузависност е можна само во случај кога секој составен дел од неа прецизно и продуктивно ја извршува својата задача, односно целта за која е поставен на одредено место во системот.

Јавното претпријатие Комуналец Битола е основано од Совет на Општина Битола со цел извршување на комунална дејност на територијата на Општина Битола, односно управување со комунален и друг вид на неопасен отпад, уредување и одржување на јавни зелени и јавни прометни површини, управување и одржување на гробишта, одржување и сервисирање на уличното осветлување како и други останати комунални дејности. Предвидените дејности и активности ги врши согласно законската регулатива, плановите и програмите донесени од страна на надлежен локален или државен орган.

Преку систем на управување со изработка нагодишни планови и програми за работа, јавното претпријатие овозможува брзо, квалитетно и ефикасно извршување на предвидените задачи.

Работните активности ЈП Комуналец ги врши преку следните Сектори:

- Сектор за Општи, правни работи и човечки ресурси
- Сектор за Финансии, сметководство и комерција
- Сектор  Комунална хигиена
- Сектор Јавно зеленило
- Сектор Уредување и одржување на гробишта
- Сектор за Технички работи и развој
- Сектор Канцеларија на директор

Во 2023 година јавното претпријатие своите активности ги врши со просечниот број од 266 вработени распоредени во 7 сектори.

## СЕКТОР ЗА ОПШТИ,ПРАВНИ РАБОТИ И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во овој Сектор е опфатено целокупното општо и правно работење на претпријатието, изготвување на нацртите и предлозите на Статутот и другите подзаконски и општи акти на претпријатието, изготвување на материјалите за пред Управните органи на претпријатието, застапување на претпријатието пред Судовите и другите органи, функционирањето и усогласувањето на целокупното архивско работење, примената на законската регулатива од областа на јавните набавки.

Во рамките на Секторот за општи,правни работи и човечки ресурси функционира:

- Одделение за општи и правни работи;
- Одделение за јавни набавки.

## СЕКТОРОТ ЗА ФИНАНСИИ, СМЕТКОВОДСТВО И КОМЕРЦИЈА

Секторот за Финансии,сметководство и комерција работи според Правилник за сметководство кој ги содржи сите меѓународни сметководствени стандарди и законски регулативи. Ажурно ги доставува сметките до корисниците на сите видови услуги, учествува во изготвување на целокупната документација врзана со сметководственото работење и креирањето на деловната политика на ниво на претпријатието.

Секторот за финансии,сметководство и комерција поделен е на три одделенија:

- Одделение за сметководство и финансова оператива;
- Одделение за наплата;
- Одделение за план и анализа.

Одделенијата вршат обезбедување на законското работење, ажурирање и точно водење на податоците како и организација на прометот на стоки и услуги и обезбедување на наплатата на побарувањата.

ЈП Комуналец како јавно претпријатие од јавен карактер континуирано се прилагодуваше спрема економските услови на стопанисување во 2023 година, поврзани со условите за стопанисување на РСМ и тековната 2023 година ја заврши со загуба од 24.140.335 денари.

**ЈП Комуналец располага со следните недвижности, постројки и опрема во 000,00 денари**

| | Земјишта | Градежи | Опрема | Алати | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Набавна вредност на 01.01.2023 г. | 3.832 | 73.087 | 136.603 | 21.691 | 235.213 |
| Набавна вредност на 31.12.2023 г. | 3.832 | 73.087 | 141.558 | 22.167 | 240.644 |
| Акумулирана амортизација на 31.12.2023 г. | | 61.460 | 93.389 | 20.491 | 175.340 |
| **Нето вредност на 31.12.2022** | **3.832** | **11.627** | **48.169** | **1.676** | **65.304** |

**Парични средстваво 000,00 ден.**

| опис | 2021 | 2022 | 2023 | Разлика 2022-2021 | Разлика 2023-2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Благајна | 35 | 18 | 56 | -17 | 38 |
| Жиро сметка | 6.588 | 7.194 | 4.672 | 606 | -2.522 |
| Останати паични средства | 131 | 88 | 103 | -43 | 15 |
| Девизна сметка | 1 | 1 | 1 | / | / |
| **Вкупно** | **6.755** | **7.301** | **4.832** | **546** | **-2.469** |

**Побарувања од купувачите и други побарувањаво 000,00 ден**

| опис | 2021 | 2022 | 2023 | разлика 2022-2021 | разлика 2023-2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Побарувања од купувачи | 102.184 | 105.703 | 110.800 | 3.519 | 5.097 |
| Спорни и сомнителни побарувања | 8.668 | 9.005 | 10.416 | 337 | 1.411 |
| Разни побарувања од работењето | / | / | / | / | / |
| Побарувања од вработените | 3.686 | 3.940 | 3.941 | 254 | 1 |
| Побарување од државата | 2.991 | 685 | 810 | -2.306 | 125 |
| Разни побарувања (аванси) | 40 | 54 | 85 | 14 | 31 |
| **ВКУПНО** | **117.569** | **119.387** | **126.052** | **1.818** | **6.665** |

**Во ЈП Комуналец состојбата на 31.12.20223 год. по основ на побарувања од купувачи е следната:**

| опис на конто | Нето износ 2021 | Нето износ 2022 | Нето износ 2023 | Разлика 2022-2021 | Разлика 2023-2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Купувачи-физички лица | 47.565.687 | 50.219.643 | 55.385.745 | 2.653.956 | 5.166.102 |
| Купувачи-правни лица | 14.790.955 | 13.812.585 | 13.807.312 | -978.370 | -5.273 |
| Останати услуги | 2.385.760 | 2.236.745 | 1.183.123 | -149.015 | -1.053.622 |
| Купувачи за гробни места | 1.230.423 | 1.313.323 | 1.211.323 | 82.900 | -102.000 |
| Одржување на меѓугробен простор | 35.060.784 | 35.689.095 | 36.805.839 | 628.311 | 1.116.744 |
| Купувачи на надгробни споменици | / | / | / | -761.225 | / |
| Останати купувачи | 1.150.293 | 2.431.827 | 2.406.410 | 1.281.534 | -25.417 |
| **ВКУПНО** | **102.183.902** | **105.703.218** | **110.799.752** | **3.519.316** | **5.096.534** |

Во 2023 год. за ѓубретарина од физички лица наплатени се вкупно **101.035.701** ден. или **85 %** во тековната година. Од тие средства **86.023.271** ден. се за тековната 2023 година и **15.012.430** ден. од минати години.

Кај правните лица наплатени се вкупно **39.488.716** ден. со што процентот на наплатеност во тековната година изнесува **80 %.**Од тие средства **31.694.661** ден. за тековната 2023 година и **7.794.055** ден. за минати години.

**Залихи во 000.00 денари**

| опис | Остварено 2021 | Остварено 2022 | Остварено 2023 | Разлика 2022-2021 | Разлика 2023-2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Суровини и др. материјали | 6.297 | 1.537 | 1.642 | -4.760 | 105 |
| Недовршено производство и полупроизводи | 126 | 72 | 101 | -54 | 29 |
| Готови производи | 578 | 467 | 508 | -111 | 41 |
| Трговски стоки | 494 | 480 | 446 | -14 | -34 |
| **ВКУПНО** | **7.495** | **2.556** | **2.697** | **-4.939** | **141** |

**Обврски во 000,00 денари**

| опис | Остварено 2021 | Остварено 2022 | Остварено 2023 | Разлика 2022-2021 | Разлика 2023-2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Оврски по аванси | 482 | 354 | 778 | -128 | 424 |
| Обврски кон добавувачи | 4.489 | 6.300 | 24.750 | 1.811 | 18.450 |
| Однапред наплатени приходи | 2.432 | 2.221 | 2.597 | -211 | 376 |
| Обрски кон УЈП | / | / | / | / | / |
| Останати краткорочни обврски | 10.499 | 10.792 | 12.887 | 293 | 2.095 |
| Одложени приходи | / | / | / | / | / |
| Долгорочни обврски | / | 28.319 | 31.015 | 28.319 | 2.696 |
| Краткорочни обврски | 20.000 | 8 | 7.127 | -19.992 | 7.119 |
| **ВКУПНО** | **37.902** | **47.994** | **79.154** | **10.092** | **31.160** |

Во текот на годината створени се обврски кон добавувачите од **67.028.028** ден.

## Употребени суровини и материјали, услуги и набавна вредноство 000.00 денари

| опис | Остварено 2021 | Остварено 2022 | Остварено 2023 | Разлика 2022-2021 | Разлика 2023-2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Набавна вредност на продадени стоки | 1.611 | 1.698 | 1.863 | 87 | 165 |
| Потрошен материјал и резервни делови | 32.833 | 25.690 | 20.138 | -7.143 | -5.552 |
| Потрошена енергија | 10.563 | 14.496 | 10.978 | 3.933 | -3.518 |
| Услуги за одржување и изработка | 3.625 | 3.988 | 4.201 | 363 | 213 |
| Закупнини | 1.060 | 1.031 | 1.031 | -29 | 0 |
| Амортизација | 8.837 | 10.519 | 9.918 | 1.682 | -601 |
| Вредносно усогласување и отписи | 11.409 | 1.384 | 441 | -10.025 | -943 |
| Надоместоци за вработените | 7.507 | 9.041 | 8.892 | 1.534 | -149 |
| Трошоци за донации и спонзорство | 1.789 | 1.571 | 909 | -218 | -662 |
| Трошоци за репрезентација и употреба на сопствени производи | 808 | 251 | 371 | -557 | 120 |
| Останати трошоци од работењето | 9.466 | 7.538 | 16.879 | -1.928 | 9.341 |
| Даноци и премии за осигурување | 2.387 | 2.641 | 3.461 | 254 | 820 |
| Банкарски услуги | 2.345 | 1.882 | 2.404 | -463 | 522 |
| Кусоци, казни, пенали и допол.трош. | 1.545 | 3.324 | 7.251 | 1779 | 3.927 |
| Плати и надоместоци | 119.565 | 131.202 | 145.523 | 11.637 | 14.321 |
| Камати, курсни разлики | 546 | 757 | 720 | 210 | -37 |
| Други трошоци | 12.099 | 7.960 | 5.904 | -4.139 | -2.056 |
| **ВКУПНО** | **227.995** | **224.972** | **240.884** | **-3.023** | **15.912** |

Во деловната 2023 год. во ЈП Комуналец направени се вкупно трошоци од **240.883.538** ден.

## Приходи

| СЕКТОР | Остварено 2021 | Остварено 2022 | Остварено 2023 | Индекс 2022/2021 | Индекс 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| Комунална хигиена | 121.563.415 | 108.746.020 | 121.747.386 | 89 | 112 |
| Јавно зеленило | 50.768.089 | 62.935.571 | 65.327.223 | 124 | 104 |
| Уредување и одржување на гробишта | 21.481.107 | 20.886.501 | 19.846.933 | 97 | 95 |
| Технички работи и развој | 26.363.891 | 13.904.260 | 9.821.661 | 53 | 71 |
| **ВКУПНО** | **220.176.502** | **206.472.352** | **216.743.203** | **94** | **105** |

## Синтетика на приходи по сектори во 2023година

| назив на конто | Сектор Комунална хигиена | Сектор Јавно зеленило | Сектор Уредување и одржување на гробишта | Сектор Технички работи и развој | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| Приходи од услуги | 103.830.660 | 64.747.799 | 19.846.584 | 9.821.661 | 198.246.704 |
| Приходи од продажба на материјали | 802.632 | | / | / | 802.632 |
| Приходи од употреба на сопствени производи | / | 87.270 | / | / | 87.270 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Приходи од донации | 4.639.475 | 445.513 | / | / | 5.084.988 |
| Приходи од отпис на обврски и вишоци | 5.052.653 | 42.319 | / | / | 5.094.971 |
| Вонредни приходи | 5.958.875 | 4.322 | 350 | / | 5.963.547 |
| Приходи по други основи | 1.463.091 | / | / | / | 1.463.091 |
| **ВКУПНО** | **121.747.386** | **65.327.223** | **19.846.934** | **9.821.661** | **216.743.203** |

**Приходи по сектори**

**Сектор Комунална хигиена**

| опис | 2022 | 2023 | Индекс |
|---|---|---|---|
| Приходи од услуги – ком.отпад - правни лица | 28.607.949 | 29.719.115 | 104 |
| Приходи од услуги – ком.отпад – физички лица | 67.306.737 | 70.391.294 | 102 |
| Приходи од отпадна хартија | 576.692 | 724.458 | 126 |
| Приходи од отпадна пластика | 26.999 | 85.542 | 317 |
| Други приходи | 19.928 | 14.531 | 73 |
| Приходи од продажба на пластични канти - физички и правни лица | 148.983 | 83.095 | 56 |
| Приходи - влез и третман на неопасен отпад во депонија | 2.784.021 | 2.812.625 | 101 |
| | **99.471.309** | **103.830.660** | **104** |
| Приходи од продажба на материјали | 398.871 | 802.632 | 201 |
| Приходи од донации | / | 4.639.475 | / |
| Приходи од отпис на обврски (наплата) | 2.894.971 | 5.052.653 | 175 |
| Вонредни приходи | 4.577.758 | 5.958.875 | 130 |
| Приходи по други основи | 1.403.111 | 1.463.091 | 104 |
| **ВКУПНО** | **108.746.020** | **121.747.386** | **112** |

**Сектор Јавно зеленило**

| опис | 2022 | 2023 | Индекс |
|---|---|---|---|
| Приходи од расадник | 299.899 | 227.515 | 76 |
| Приходи од продавница Икебана | 1.315.420 | 1.444.972 | 110 |
| Приходи од јавна чистота | 17.142.857 | 17.142.859 | 100 |
| Приходи за одржување на ЈЗП | 32.000.000 | 32.000.000 | 100 |
| Приходи од одржување на ЈЗП по рекапитулација физички лица | 8.466.870 | 8.644.740 | 102 |
| Приходи од одржување на ЈЗП по рекапитулација правни лица | 3.162.360 | 3.159.780 | 100 |
| Приходи од јавно зеленило | 256.525 | 127.933 | 50 |
| Приходи од проект ГОО ГРЕЕН | | 2.000.000 | |
| | **62.660.626** | **64.747.799** | **103** |
| Приходи по основ на употреба на сопствени производи | 116.534 | 87.270 | 75 |
| Приходи од отпис на обврски | 148.589 | 42.319 | 28 |
| Приходи од донации и помошти | 1 | 445.513 | |
| Други вонредни приходи | 9.821 | 4.322 | 44 |
| **ВКУПНО** | **62.935.571** | **65.327.223** | **104** |

## Сектор Управување и одржување на гробишта

| опис | 2022 | 2023 | индекс |
|---|---|---|---|
| Приходи од гробни места | 4.036.719 | 3.121.967 | 77 |
| Солидарен погреб | 7.444.900 | 7.302.100 | 98 |
| Приходи од регистрација на гробни места | 133.470 | 71.184 | 53 |
| Приходи за дозволи за влез во гробишта | 175.370 | 133.012 | 76 |
| Приходи од одржување на меѓугробен простор | 7.098.751 | 7.230.001 | 102 |
| Приходи од капела | 1.485.060 | 1.604.020 | 108 |
| Надоместок за погребување на посмртни останки | 441.900 | 384.300 | 87 |
| | **20.816.170** | **19.846.584** | **95** |
| Приходи од отписи | 2 | / | **/** |
| Приходи од донации и помошти | / | / | **/** |
| Вонредни приходи | 70.329 | 350 | / |
| **ВКУПНО** | **20.886.501** | **19.846.934** | **95** |

## Сектор за технички работи и развој

| опис | 2022 | 2023 | индекс |
|---|---|---|---|
| Приходи од спортски објекти | 245.748 | 204.890 | 83 |
| Приходи по ситуации Парк-Довлеџик | 1.469.467 | 2.413.651 | 164 |
| Приходи од осветлување | 12.185.931 | 7.203.120 | 59 |
| | **13.901.146** | **9.821.661** | **71** |
| Други вонредни приходи | 3.114 | / | / |
| **ВКУПНО** | **13.904.260** | **9.821.661** | **71** |

| опис | 2022 | 2023 |
|---|---|---|
| Акционерска главница | 7.558.766 | 7.558.766 |
| Државен јавен капитал | 64.557.584 | 64.557.584 |
| Јавен капитал од ревалоризирани резерви | 3.510.482 | 3.510.482 |
| Основна главнина-останат капитал | 7.591.620 | 7.591.620 |
| Останат капитал | 52.618.723 | 52.618.723 |
| Законски резерви | 11.005.035 | 11.005.035 |
| Акумулирана добивка | 16.563.202 | 16.563.202 |
| Загуба од претходна година | -8.333.917 | -26.833.521 |
| Загуба за финансиската година | -18.499.604 | -24.140.335 |
| **ВКУПНО** | **136.571.892** | **112.431.556** |

## СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

Од анализите направени од страна на ЈП Комуналец Битола, комуналниот отпад е еден од основните текови на отпад што се создаваат. Како посебна категорија на отпад претставува отпадната хартија,отпадна пластика (PET) и отпад од електрична и електронска опрема.

Врз основа на анализите за составот и количините на комуналниот отпад реализирани од страна на ЈП Комуналец Битола на територијата на општина Битола во 2023 година собрани се:

- 29.421,7 тони комунален отпад собран од правни и физички лица;
- 214,13 тони отпадна хартија;
- 22,34 тони отпадна пластика;
- 3,15 тони електричен и електронски отпад;
- 1.210 $м^3$ габаритен отпад.

Од вкупните колични собран отпад околу 27.370 тони е комунален отпад собран од физички лица, додека околу 1.900 тони/год. е комерцијален и индустриски неопасен отпад.

### Депонијата Мегленци

- Тампонирани 1.100 $м^2$ површина наменети за движење на возилата;
- Искористен 588 $м^3$ тампон ;
- Искористени 2.610 $м^3$ земја за посипување
- На локацијата за депонирање на градежен шут во депонија Мегленци,за 2023 година депонирани се 512 $м^3$ градежен шут и 7.740 $м^3$ земја и камења
- Во 2023 год.собрани се 3,15 тони електричен и електронски отпад
- Од процесот на селективно собирање на комунален отпад собрани се
- 214,13 тони отпадна хартија
- 22,34 тони отпадна пластика
- Во 2023 годинасобрани се 1.210 $м^3$ габаритен отпад

ЈП Комуналец, заедно со Општина Битола во соработка со останатите јавни претпријатија учествуваше во акции за расчистување на диви депонии и депонии со градежен шут на територијата на град Битола.
По барање на комунална инспекција или друг надлежен орган, или на барања на граѓани дополнително е извршено чистење на определени локации.

### Набавка на опрема

Согласно годишните планови за набавка на опрема во 2023 година набавени се:

.

- 40 пластични контејнери со волумен од 1,1 $м^3$;
- 26 метални контејнери со волумен од 1,1 $м^3$;
- 200 канти со волумен од 120 l
- 30 канти со волумен од 240 l

Во 2023 година репарирани се околу 350 контејнери и заменети се околу 263 тркала.

**СЕКТОР ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО**

Секторот јавно зеленило својата дејност ја врши врз основа на Планови и програми усвоени од Совет на Општина Битола. Активностите кои се реализираат на терен се: косење на зелени површини во урбан дел, косење зелени површини во рурална средина, косење зелени површини во спортско рекреативни центри, садење на цветни садници и сезонски расад, садење на дрвја, кастрење на дрвја, поправки накомуналнма опрема и реквизити,како и одржување на јавната чистота на територијата на Општина Битола,односно миење,метење,чистење на снег,празнење на корписо отпадоци и др.активности.

Во состав на Секторот на јавно зеленило работат три одделенија:

- Одделение за одржување на јавначистота
- Одделение за хортикултура
- Одделение за расад(расадник) сопроизводство

**Одделение за одржување на јавната чистота во градот**

Одделението за одржувањето на јавната чистота во градот, работењето го изведува согласно по Програма за одржување на јавната чистота на територија на Општина Битола за 2023 година, со која се уредуваат условите, обемот, динамиката и начинот на одржување на јавната чистота, површините и објектите на кои се врши одржување на јавната чистота, собирање на смет и чистење на снег и мраз во зимски услови.

Одржувањето на јавната чистота подразбира: машинско и рачно метење на јавните површини и отворените простори на јавните објекти, миење на јавните површини и отворените простори на јавните објекти, одржување на јавните површини и отворени простори на јавните објекти во зимски услови, местење на комунална опрема (корпи, клупи, детски реквизити за играње и занимација) на места каде се оштетени старите корпи и поставување на нови каде ќе се јави потреба.

## Одделение за хортикултура

Активностите за 2023 година беа во согласност со Програмата за одржување на јавните зелени површини за 2023 год. и беа насочени кон одржување на постоечките јавни површини , одржување на дрвореди, кроење, кастрење, обликување, сечење, засадување на листопадни и зимзелени дрвја,засадување и одржување на цветен расад, косење на зелените површини, гриблање, наводнување, заштита на растенијата од штеточини, одржување на постоечката комунална и урбана опрема.

**Во изминатата година беше извршено кастрење на 1720 и сечење на 507 дрвја.**

## Одделение за расадничко производство

Во Одделот за расадничко производство се одгледуваат зимзелени и листопадни декоративни садници во расадник Нови гробишта.

Активностите во изминатата година во Расадникот кај Нови гробишта беа насочени кон производство на нови декоративни садници и ружи, исто така и кон производство на метли за задоволување на потребите на Секторот.

Производството на цветен расад се одвива во 8 пластеници кои се наоѓаат кај канцелариите на Секторот Јавно Зеленило.

Нумерички изразено производството е на следниот начин :

- 1.Продадени декоративни садници.............................. 433
- 2.Продадени ружи ........................................................ 99

- 3.Продадени садници лигуструм................................. 295
- 4.Времена ситуација декоративни садници................. 950
- 5.Времена ситуација ружи............................................ 270
- 6. Произведени и продадени режан цвет ружа .......... 928
- 7.Произведен (пролетен и есенски )цветен расад....90 000
- 8. Произведени метли .................................................7.000

**СЕКТОР УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ГРОБИШТА**

Секторот Уредување и одржување на гробишта врши одржување на меѓугробниот простор, дава право на употреба на гробни места во лична службеност и нивна нумерација, врши регистрација на гробни места, издава уверенија за право навладение на гробно место, врши наплата за гробарина како и вршење услуги за покојните во капелата.

Во овој Сектор од планираните активности во 2023 год. се реализираа следните:
Бетонирање на 203 нови гробни места во Новите гробишта на 1-ва, 2-ра, 3-та, 5-та,6-та и 8-ма парцела;

-Склучени 187 договори со странки (со вкупно 208 гробни места), за доделување на употреба на гробно место како лична службеност;

-Тековно одржување на јавната чистота на сите локации гробишта;

-Чистење по извршени погреби од земја и камења на сите три локации гробишта;

-Тековно чистење на пристапни патеки од снег помеѓу парцели, мали мостови и премини (во зимски месеци) и тесни проодни патеки меѓу редови каде се извршувани погреби и парастоси, на барање од оператори и странки;

-Подигање на градежен шут, (земја и камења) и отстранување на истиот со механизација (боб-кет и трактор или камион од сектор зеленило) во и околу гробиштата, на сите три локации гробишта, (акцент на верски празници) и тековно од зголемен обем на работа, околу 6 повторувања;

-Чистење на лист од патеки и околу гробни места под вегетација на сите три локации гробишта во есенските месеци;

-Чистење на снег, рачно и со механизација, (после секое врнење) од патеки и околу гробни места за полесено вршење на погребите и полесен пристап до истите, на сите три локации гробишта;

-Континуирано одржување на Партизанските гробишта (на Буковксите гробишта) и нивно темелно чистење пред деновите кога ги посетуваат делегации за праници и полагање цвеќе;

-Тековно косење на тревата неколку повторувања, со акцент на верските празници и третирање на вегетација со тотален хербицид (четири повторувања) на сите три локации гробишта а заради поволната температура и досега невидено растење на троска,се косеа и св.неделските гробишта три пати,во месеците мај-јуни,август-септември и октомври

- Континуирано чистење на каналите околу Св.неделски гробишта,каналите во Нови гробишта и Буковски гробишта

-Поради невреме и паѓање на дрваи големи гранки е имтервенирано на 4 дрва во св.Недела 2 интервенции на новите и 2 интервенции на Буковските гробишта

-Заради заштита од оштетување на спомениците комплетно се отстранети 3 дрвја во Св. Неделските , 3 помали дрвја на Новите гробишта и 3 дрвја на Буковски гробишта

-Кастрење на оштетени гранки, после обилен снег, на стари дрва и нивно извлекување и депонирање надвор од кругот на гробиштата на сите три локации гробишта;

-Продолжување со катастарската евиденција и пренумерацијата во Буковските, Св. Неделските и Новите гробишта;

-Издадени 1.273 одобренија за погреб;

-Влезно покојни лица во капела -1.098 (приватни -682 и солидарни -416), искористена комора за -987 лица, извршена тоалетизација на -933 покојни , изложување на покојни лица во сала - 6 лица, и примени -2 социјални случи,

-Континуирано чистење на каналите околу старите Св. Неделски гробишта, каналите во Нови гробишта и Буковски гробишта,

Покрај планираните активности се реализирани и бројни вонтековни активности како: монтирање канти и клупи,ниши за контејнери и детски паркови од страна на градежните мајстори од Нови гробишта на различни делови од градот како и оклни села и тоа прикажано хронолошки како следува :

-Во објект на " Јавно зеленило " е интервенирано за фиксирање на ПВЦ – врата, ѕоѕидан е нов оџак, а цементирани се плоштатки за нови крлешки на 4 локации,

-Исечени се дрвја, како и гранки по парцели, а за некои од нив беше искористен телескопот од " Јавно зеленило " ,

-Се пополнува теренот под 5-та и 6-та парцела со земја која ја носат камиони од " Стентон градба ", а со машина од истата фирма се рамни теренот, како и со машини од " БВ Инженеринг " и од " Јоска транс " ,

-Со машина – СКИП, сопственост на фирмата " Зимак " се исчистија ендеците и се поправија патеките со 160 $m^3$ тампон ,

-Интервенирано е со екипа од 3-ца работници во црквата " Св. Петка " каде се кршеа страничните жардиниери, а кршење на бетон се вршеше и пред спортската сала ,

-Исчистени се мермерните фонтани во детскиот парк ,

-Во дирекцијата е бетониран новиот влез за камионите, ударни дупки, патека на која после бетонирање се ставени мермерни плочки, а направен е шалтер во благајната,

-Интервенирано е кај влезот на болницата заради скршен тротоар од страна на камион на ЈП " Комуналец "

-Исто, ѕоѕидан е ѕид од ограда на приватна куќа, каде штета направи камион на ЈП " Комуналец " ,

-Ѕоѕидан е надворешен ѕид од оградата во Буковски гробишта ,

-Екипа од 3 работника на два пати беше испратена во Општинската зграда за поништување на архива,

-Цементирање на канделабри во новиот парк кај " Довлеџик ",

-Со камиончето и со работници пренесени се керамиди во дирекција и пелети во спортската сала,

-Наместени се 5 клупи на 1-ва парцела,

Направени се 151 нови гробови, за кои е набавен 79,5 $m^3$ готов бетон, од кои под 5-та парцела се направени 68 нови гробни места а потрошени се 29.5 $m^3$..

## СЕКТОР ЗА ТЕХНИЧКИ РАБОТИ И РАЗВОЈ

Во Секторот за технички работи и развој спаѓаат следните одделенија **:**

- Одделение за јавно осветлување;
- Одделение за одржување на механизација и возила;
- Одделение за одржување на спортски објекти.

### Одделение за јавно осветлување

Работата на одделението за сервисирање на уличното осветлување се уредува со оперативната програма усвоена од Управниот одбор и одобрена од Советот на Општина Битола. Одделението за улично осветлување во ЈП Комуналец Битола се занимава со одржување и сервисирање на опрема за улично осветлување.

**Одржување и сервисирање на уличното осветлување**

Одржувањето и сервисирањето на уличното осветлување се врши со одржување на уличното осветлување во исправна состојба, редовна замена на светлечките тела (сијалици и арматури и др.), одржување на столбови и други активности во функација на уличното осветлување, а во согласност на оперативните програми:

**Оперативна Програма за улично осветлување за 2023 тер.1 за град Битола**

- Поставени се околу 214 светилки;
- Поставени се околу 190 парчиња лед светлечки арматури,
- Поставен е кабел од околу 1670 метри од сите типови,
- Поставени се 19 лед рефлектори,
- Употребена е и друга опрема за одржување и сервисирање на уличното јавно осветлување како што се 178 парчиња осигурувачи,околу 558 фидиос спојки и останат материјал за сервисирање на уличното осветлување за град Битола.

**Оперативна Програма за улично осветлување за 2023 - тер.2.3.4-– рурални средини во реоните Бистрица,Цапари и Кукуречани**

- Поставени или срвисирани се 1593 парчина светилки;
- Поставени се 204 парчина лед светлечки арматури;
- Поставен е кабел од 3042 метри од сите типови
- Употребена е друга опрема за одржување и сервисирање на уличното јавно осветлување како што се 123 парчиња осигурувачи,519 фидос спојки 6 парчиња лед рефлектори,склопки и останат материјал за нормално функционирање на уличното јавно осветлување;

**Опретативна Програма за поправка и одржување на улично осветлување**

Извршено е тековно одржување-замена на живините, натриумовите и флуорецентни светилки со лед светилки заради поголема енергетска ефикасност на целиот систем за улично осветлување. Поставени се на подрачјето на Општина Битола околу 72 светилки,околу 64 парчиња светлечки арматури,поставени се околу 60 парчиња осигурачи,поставен е кабел од околу 556 метри кабел од сите типови,140 парчина фидос спојки и останат материјал за нормално функционирање на уличното јавно осветлување заради поголема енергетска ефикасност.

Одделението за улично јавно осветлување во текот на 2023 година го доврши проектот за изведување и поставување на парковско осветлување на детскиот "Парк Довлеџик " во Битола. Според договорот е довршен целно проектот и е ставен во употреба парковско осветлување на детскиот парк.





Со овој договор е реализирана и наплатена втора,трета и завршна ситуација во износ од 2.848.108,00 ден. со ДДВ.

Одделението за јавно осветлување во период од 01.01.2023 год. до 31.12.2023 год. ги има реализирано во целост трите оперативни програми во износ од околу 8,500,000,00 денари со ДДВ и договор од парк Довлеџик од 2.848.108,00 денари со ДДВ.

**Одделение за одржување на механизација и возила**

Одделението на механичарска работилница се занимава со сервисирање и одржување на возниот парк на ЈП Комуналец Битола во исправна состојба.

**Одделение за одржување на спортски објекти**

Одделението за спортски објекти има обврска за одржување на хигиената во спортските објекти и на следните спортски објекти.

- Спортска сала Боро Чурлевски – внатрешно одржување: собирање отпадоци (празнење на корпи) и метење на попвшина од 4.000 $м^2$;
- Спорска салаБоро Чурлевски – надворешно одржување: косење натрева,собирање на косена трева,утовар на органски отпад од површина од 8.000 $м^2$;
- Фудбалски стадион Ќумурно игралиште,машинско гриблање на вештачка трева
- Фудбалски стадион под Тумбе кафе,косење на трева, собирање на покосена трева,утовар на органски смет на површина од 9.965 $м^2$;
- Помошно фудбалско игралиште,косење на трева на површина од 8.000 $м^2$
- Тениски терени,одржување на хигиена и редарска служба.

**СЕКТОР КАНЦЕЛАРИЈА НА ДИРЕКТОРОТ**

Активностите на Сектор Канцеларија на Директор се вршат преку две одделенија

- Одделение за подршка на директорот
- Одделение за Безбедност и заштита при работа

**Одделение за подршка на директорот** врши:

-Координираност помеѓу секторите и одделенијата во Секторот канцеларија на директор;
-Водење на социјални мрежи на претпријатието;
-Подготовка на соопштенија до медиуми, граѓани и институции.

**Одделение за Безбедност и заштита при работа врши:**

Грижа за безбедноста и здравјето на вработените при процес на извршување на работните активности.

Води евиденција за:

Здравствени прегледи;

- Сервисирање на против пожарната опрема:
- За греење и ладење на објектите со кои стопанисува ЈП Комуналец;
- Лиценци за работа со опремата и возилата;
- Навремени контроли и тестирања на опремата за работа,
- Видео надзор над објектите на ЈП Комуналец.

ЈП Комуналец Битола
ВД Директор
Горан Степановски